ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 18 – 165/9

Дата: 09.10.2015

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија (во понатамошниот текст - Клиника) на сметка за средства од Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст - фондот) за 2014 година.

Изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2014 година.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи на Клиниката за 2014 година констатирано е дека:

- воспоставениот систем на внатрешни контроли во процесот на сервисирање на медицинската опрема и процесот на јавни набавки не гарантира остварување на целите на процесите и не е обезбедено соодветно и ефикасно користење на средствата согласно начелата утврдени со член 3 од Законот за буџетите кое подразбира извршување на буџетот со ефикасна и ефективна контрола;
- ревизијата не се увери дека целосно и правилно е извршено вредносно и количинско усогласување на средствата согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници што има влијание врз

реалното и објективно прикажување на финансиските извештаи на Клиниката;
- ревизијата не се увери дека искажаните податоци во финансиските извештаи ја отсликуваат реалната состојба на залихите како и нивниот потрошок во текот на годината;
- спроведени се постапки за јавни набавки во кои не е обезбедена транспарентност, конкуренција на економските оператори, рационално и ефикасно искористување на средствата што не е во согласност со членовите 2, 32, 36 и 99 од Законот за јавни набавки.

За надминување на утврдените состојби до одговорните лица на Клиниката ревизијата даде препораки за преземање соодветни мерки и активности.

Ревизијата смета дека е потребно да се нагласат одредени состојби поради значајноста и влијанието на истите врз работењето на Клиниката во наредниот период. Имено, поради големиот број на издадени приоритетни упати бројот на извршени услуги е многу поголем од прегледите закажани преку системот „Мој термин“. За успешна реализација на сите здравствени услуги одговорните лица во Клиниката се соочуваат со дополнително користење на опремата, проследено со чести расипувања кои генерираат големи трошоци за сервисирање, што во крајна линија влијае и на квалитетот на здравствените услуги.

Во делот Останати прашања, ревизијата обелоденува за начинот на фактурирање на извршените услуги на клиниката и начинот на плаќање на истите. Имено, Клиниката има извршено здравствени услуги во поголем износ од договорениот лимитиран износ со Фондот, истите се евидентирани вонбилансно и не се очекуваат приливи по истите во наредниот период. Наведеното има влијание врз финансиската состојба на Клиниката, особено во услови и на ненаплатени побарувања од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите за здравствена заштита како и од ненаплатени побарувања од другите јавни здравствени установи за извршени сервисни услуги.
Од страна на раководните лица на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија - Скопје добиени се забелешки на Нацрт Извештајот, истите се разгледани и констатирано е дека од вкупно 9 забелешки една е прифатена додека преостанатите забелешки не се прифатени.

1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија на сметката за средства од фондот, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на изворите на капиталните средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Клиниката застапувано од:

- Проф. д-р Надица Митревска, медицински директор од 05.05.2010 година.
- Гоце Велјановски, организациски директор од 05.05.2010 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува

законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.03.2015 до 28.05.2015 година од тим на Државниот завод за ревизија.

3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 02.06.2015 година. На барање на медицинскиот директор одржан е дополнителен состанок на ден 23.06.2015 година.

Од страна на раководните лица на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија - Скопје добиени се забелешки на Нацрт Извештајот, истите се разгледани и констатирано е дека од вкупно 9 забелешки една е прифатена додека преостанатите забелешки не се прифатени.

Констатирани се следните состојби:

4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Процес на сервисирање на медицинската опрема

Вкупните расходи за сервисирање на медицинската опрема исплатени од сметката на средствата од фондот и сметката за сопствени приходи во 2014 година се 34.741 илјада денари и имаат значајно учество во вкупните расходи[1] на Клиниката.

Ревизијата имаше за цел да ја оцени ефективноста на системот на внатрешни контроли во процесот на сервисирање на медицинската опрема преку добивање уверување дека контролите ги покриваат ризиците односно можните настани кои имаат негативно влијание врз остварување на целите на процесот. Имено, контролите во овој процес треба да гарантираат дека:

- е обезбедено непречено функционирање на апаратите и извршување на здравствените услуги;
- реално е утврдена потребата за сервисирање;
- плаќањата се вршат само за извршените услуги и на соодветен добавувач;
- се води евиденција за одржувањето и замена на резервните делови за секој апарат.

За таа цел извршивме проверка на воспоставените контроли при што го констатиравме следното:

- донесен е Правилник за начинот на користење и одржување на медицинската опрема кој не се применува во целост и со кој се пропишани само дел од активностите во овој процес;
- во рамките на системот на управување со квалитет ISO 9001:2008 кој е во последна фаза на сертифицирање, не е опфатен овој процес иако има влијание врз финансиското работење на Клиниката;
- нема евиденција за одржувањето и замена на резервните делови за секој апарат поединечно;
- во тендерската спецификација од договорите за сервисирање не е предвидена гаранција за резервните делови ниту е предвиден начин на ракување со заменетите делови а истите се враќаат на сервисерот. Поради наведеното оневозможен е увид во состојбата на заменетиот дел и потребата од замена на истиот;
- иако опремата е осигурана на вредност од 2.166 илјади денари[2], сепак, прекумерното користење (наведено во точка 6.1. од овој Извештај),

[1] 33% од вкупните расходи од сметката за сопствени приходи и 19% од вкупните расходи од сметката за средства од фондот.

[2] 1.300 илјади денари од сметката за сопствени приходи и и 866 илјади денари од сметката за средства од фондот.

непостоењето на процедура за овој процес во која би биле опфатени и дефинирани активности за начинот на пријавување на штети од работењето и ракувањето со опремата, нејасно дефинираните одредби во договорот и техничките спецификации со осигурителните компании, оневозможуваат реална наплата на штета. Поради горенаведеното ревизијата не беше во можност да се увери дека наплатените 708 илјади денари од осигурителни компании во целост ги покриваат настанатите штети од работењето и ракувањето со опремата во текот на годината предмет на ревизија.

Поради наведеното ревизијата констатира дека воспоставениот систем на внатрешни контроли во процесот на сервисирање на медицинска опрема не гарантира остварување на целите на процесот и не е обезбедено користење на средствата согласно буџетското начело за сигурно финансиско управување предвидено со член 3 од Законот за буџетите, кое подразбира извршување на буџетот со ефикасна и ефективна контрола.
Утврдените состојби се однесуваат и за сметката за сопствени приходи поради што истите се поместени само во овој дел од извештајот.

Препораки
Одговорното лице да преземе активности за:
- донесување на Процедура за пријавување на дефекти и одобрување на сервисирањето на медицинската опрема во рамки на системот за управување со квалитет ISO 9001:2008;
- воспоставување на ажурна евиденција за одржување и замена на резервни делови за секој апарат поединечно;
- предвидување на гаранција за резервните делови во договорите за сервисирање како и дефинирање на начин на ракувањето со заменетите делови при сервисирањето;
- прецизирање на одредбите на договорите за осигурување на опремата, во насока на јасно дефинирање на пренесените ризици на осигурителните компании, односно дефинирање на конкретни состојби и услови за кои се очекува надомест на штета.

4.1.2. Процес на јавни набавки

Ревизијата имаше за цел да ја потврди ефективноста на системот на внатрешни контроли во процесот на јавни набавки, поради што извршивме увид во активностите поврзани со: дизајнот на системот на внатрешни контроли, утврдување на потребата за набавки, иницирање на набавките, спроведување на постапка за доделување договор за јавни набавки, како и начинот на реализација на склучените договори.
По спроведувањето на горенаведените активности со кој го снимивме процесот

на јавни набавки во Клиниката го констатиравме следното:

- во Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места систематизиран е Сектор за јавни набавки со раководител и двајца извршители, но поради недостиг на човечки ресурси вработено е едно лице извршител кое има потврда за положен испит за лице за јавни набавки;
- во рамки за системот за управување со квалитет ISO 9001:2008 донесена е Процедура за набавка, прием, складирање и издавање чиј составен дел е и Работно упатство за работа на секторот за јавни набавки кое се повикува на одредбите на Законот за јавни набавки донесен во 2007 година но не го опфаќа во целост процесот на планирање, спроведување и реализирање на јавните набавки. Имајќи ја предвид оваа состојба како и бројните измени на законот и комплексноста на пропишаните одредби, ревизијата констатира дека отсуствуваат целосни, точни и усогласени насоки за постапувањето и управувањето во процесот на јавните набавки, поради што се оневозможува целосна контрола во процесот и се создава ризик од неправилна примена на одредбите на Законот за јавните набавки.
- во одлуките за јавни набавки се дефинира од која сметка ќе се реализира набавката а плаќањата на фактурите се вршат согласно расположивите средства на сметките;
- следењето на реализацијата на договорите се врши рачно со упарување на спецификациите на производите по количини со набавените количини, поради што не може да се генерира автоматски податок за остатокот на количината кој треба да се испорача. Со воспоставениот начин на следење на реализацијата на договорите не се покриени ризиците од несоодветна реализација или надминување на договорените количини како и ненавремено сигнализирање за финансиско исцрпување на договорите до одговорните лица. Извршена е набавка на услуги за надградба на софтвер за финансиско и материјално работење каде е предвиден модул за следење на реализацијата на договорите, кој до денот на вршење на ревизијата не е изготвен и имплементиран (точка 4.4.2. од извештајот на овластениот државен ревизор за сметката за сопствени приходи).

Поради наведеното ревизијата констатира дека воспоставениот систем на внатрешни контроли во процес на јавни набавки не гарантира остварување на целите на процесот и не е обезбедено користење на средствата согласно буџетското начело за сигурно финансиско управување предвидено со член 3 од Законот за буџетите кое подразбира извршување на буџетот со ефикасна и ефективна контрола.

Утврдените состојби се однесуваат и за сметката за сопствени приходи поради што истите се поместени само во овој дел од извештајот.

Согласно укажувањата на ревизијата изготвена е Процедура за јавна набавка и истата со Одлука бр 0202-267/2 од 25.03.2015 година е усвоена од Управниот одбор на Клиниката.

Препорака
Одговорното лице да преземе активности за доекипирање на одделението за јавни набавки, воспоставување на модулот за следење на реализација на договорите и да се обезбеди електоронско следење на реализацијата на склучените договори.

4.1.3. Контроли во информатичката технологија

4.1.3.1. Со извршената ревизија на информацискиот систем и употребата на информатичката технологија во Клиниката во делот на испитување на општите контроли констатиравме отсуство на стратешко планирање, политики и процедури за ИТ безбедност, обезбедување на континуитет и управување со средствата. Наведеното претставува ризик дека управувањето со ИТ ресурсите нема да биде во согласност со приоритетите за развој на субјектот, идентификување на ИТ можностите, капацитетите и човечките ресурси.

Препораки
Одговорните лица во Клиниката да преземат активности за:
- стратешко планирање за употребата на информатичката технологија во согласност со приоритетите за развој на Клиниката и
- донесување политики и процедури за ИТ безбедност, обезбедување на континуитет и управување со средствата.

4.1.3.2. Со извршената ревизијата на информацискиот систем во делот на испитување на апликативниот софтвер констатиравме дека Клиниката во своето сметководствено/финансиско работење користи два апликативни софтвера[3] од надворешни добавувачи со кои има склучено договори за одржување за 2014 година во вкупен износ од 453 илјади денари[4]. Исто така во 2014 година направена е надградба на постоечки апликативен софтвер за материјално работење во вкупен износ од 480 илјади денари.
Иако Министерството за здравство во делот на закажување на пациенти и прегледи (освен за пресметки) на сите јавни здравствени установи им овозможува директен пристап и работење во интегрираниот здравствен информатички систем (во понатамошниот текст - "Мој термин"), работењето во Клиниката во овој дел се врши во еден од горенаведените софтвери при што на дневна основа податоците се праќаат и синхронизираат со „Мој термин".

[3] Софтвер за финансиско, материјално работење и фактурирање, постојани средства, електронски вирмани, пресметка на плата со автоматско пополнување на електронските вирмани и програма за финансово буџетско работење и
Софтвер со модули за закажување, внес на пациенти, пресметка и наплата на услуги, фактурирање на клиники и Фондот, резултати, администрирање, прегледи, магацин, плаќање по учинок.
[4] 127 илјади денари за едниот и 326 илјади денари за другиот софтвер.

Со увид во овој софтвер на Клиниката, во "Мој термин" како и во евиденцијата на термините и извршените услуги од двата софтвера го констатиравме следното:

- добиените податоци и извештајот од Министерството за здравство за извршените услуги за месец март, септември и ноември од "Мој термин" не кореспондираат со податоците за извршени услуги генерирани од софтверот на Клиниката, поради недоволна и несоодветна синхронизација на податоците. Поради наведеното Министерството за здравство нема точен податок за извршените услуги и постои ризик во ист термин да се закажат два прегледа.
- иако во "Мој термин" е вградена опција за следење на текот на прегледот (закажување, преглед, читање на резултати и извештај) за целосен увид за степенот на реализација на услугите, користењето на постоечкиот софтвер тоа го оневозможува;
- воспоставениот начин на работа и користење на апликативниот софтвер, кој поради технологијата на која е изработен има потреба од дополнителни издатоци за лиценциран софтвер, предизвикува ризик за веродостојноста и комплетноста на податоците.

Имајќи го предвид воспоставениот начин на работа и специфичностите на работењето, употребата на апликативните софтвери, софтверот „Мој термин" и можностите за работењето на здравствени работници во истиот, како и синхронизација на податоците помеѓу системите, од една страна и расходите за одржување и надградба на апликативните софтвери од друга страна, ревизијата констатира дека постои ризик трошоците за работење на апликациите да не се идентификувани и да не се целисходни.

Утврдените состојби се однесуваат и за сметката за сопствени приходи поради што истите се наведени само во овој дел од извештајот.

Препорака

Одговорните лица во Клиникатата да направат проценка на степенот на имплементација на апликативните системи, како и анализа за утврдување на потребите во согласност со развојот на технологијата и стратешките цели на Клиниката и Министерството за здравство.

4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Ревизијата констатира дека со воспоставениот начин на работа како и поради ограничувањата во пристапот во "Мој термин" поставени во софтверот во Клиниката, сумирањето и трансферот на податоците за резултатите од работењето на здравствениот работник за пресметка на коефициенти за исплата на плата во "Мој термин" преку софтверот на Клиниката го врши администраторот. Имајќи ги предвид слабостите на софтверот на Клиниката

во делот на несигурноста на податоците и нивна синхронизација (наведени во точка 4.1.3.2. од овој Извештај), постои ризик платата на здравствените работници да не е пресметана врз основа на точни, целосни и веродостојни информации за резултатите од работењето. Наведеното не е во согласност со член 219 од Законот за здравствена заштита со кој е предвидено истото да е обврска на здравствените работници и директорот кои одговараат за веродостојноста на внесените податоци.

Препорака
Одговорните лица на Клиниката да преземат активности со кои ќе им се овозможи на здравствените работници внесување на податоци за резултатите од работењето во интегрираниот здравствен информатички систем „Мој термин“.

4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Со извршената ревизија на преземените активности за вршење попис и Извештајот изготвен од Централната пописна комисија за извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата со состојба на 31.12.2014 година, ревизијата го констатира следното:

- не е извршено вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба, односно, пописните листи за извршениот попис се нецелосни, содржат податоци само за количината, додека вредносните показатели поединечно за секое средство не се внесени во истите;
- само дел од постојаните средства се обележани со инвентарни броеви;
- пописот на залихата на медицинските и немедицинските материјали е направен само во магацините, но не и за издадените материјали по одделенија;
- пописот на побарувањата и обврските е формално спроведен со прифаќање на податоците од сметководствената евиденција, односно не е извршено соодветно потврдување и споредување на состојбите помеѓу фактурите, склучените договори, старосната структура на истите, преземените мерки од одговорните лица за неизмирените обврски и ненаплатените побарувања.

Поради наведеното ревизијата не се увери дека целосно и правилно е извршено вредносно и количинско усогласување на средствата согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници што има влијание врз реалното и објективно прикажување на финансиските извештаи на Клиниката.

Препорака

Одговорните лица на Клиниката да ги преземат потребните активности за обележување на постојаните средства со инвентарни броеви, како и спроведување на пописот кој ќе обезбеди усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и обврските.

4.3.2. Со извршената ревизија на приемот, евидентирањето и управувањето со залихата на медицински и потрошен материјал како и воспоставените контроли и функционирањето на истите во овој процес констатиравме одредени состојби кои не се во согласност со одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- не е воспоставена евиденција за потрошокот на материјали по извршени прегледи и по пациенти ниту евиденција на тековната состојба на залихата на издадените материјали по одделенија;
- во софтверот за магацинско работење не се евидентира излезот при секое издавање на материјалите од магацинот, туку издатниците се внесуваат еднаш неделно, поради што не може да се спореди фактичката состојба во магацинот со состојбата во софтверот на дневна основа;
- на издатница не се потпишува лицето кое ги требува материјалите.

Во отсуство на увид во реалниот потрошок на медицински материјал по пациенти и извршени услуги, оневозможено е следење на расходите за медицински и потрошен материјал во износ од 40.682 илјади денари кои претставуваат значаен дел од вкупните расходи[5] на двете сметки на Клиниката, како и утврдување на одговорност во случај на одредени отстапувања. Врз основа на наведеното констатиравме дека: воспоставениот систем на внатрешни контроли во процес на управување со залихите не гарантира остварување на целите на процесот; соодветно користење и располагање со медицинскиот материјал; не е воспоставена ажурна евиденција поради што не се уверивме дека искажаните податоци во финансиските извештаи ја отсликуваат реалната состојба на залихите како и нивниот потрошок во текот на годината.

Препорака

Одговорните лица на Клиниката да ги преземат потребните активности за воведување ажурна евиденција и следење на потрошокот на залихата на медицински и потрошен материјал на дневна основа.

[5] 23.509 илјади денари од сметката за средства од фондот (23% од вкупните расходи) и 17.173 илјади денари од сметката за сопствени приходи (37% од вкупните расходи);

4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. При увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2012, 2013 и 2014 година а по кои се преземени обврски во 2014 година, извршивме ревизија на постапките за јавни набавки со што опфативме 95% од преземените обврски кои подлежат на Законот за јавни набавки, при што го констатиравме следното:

- Во спроведени три постапки за кои се преземени обврски во вкупен износ од 8.961 илјади денари[6] по основ на кои во текот на 2014 година исплатени се 3.087 илјади денари (Прилог број 1), констатиравме дека техничките спецификации во тендерските документации се детални и упатуваат на конкретно производство или трговска марка. На овој начин не е обезбедена конкуренција на економските оператори, овозможено е фаворизирање на одредени економски оператори и влијае на начинот на искористување на средствата. Наведеното не е во согласност со член 2 и член 36 од Законот за јавни набавки.
- Спроведени се отворени постапки за сервисирање на медицинска опрема за 2012, 2013 и 2014 година и склучени се договори со повеќе економски оператори во вкупен износ од 54.263 илјади денари по основ на кои во текот на 2014 година исплатени се 34.741 илјада денари[7] (Прилог број 2). Со увид во тендерската документација за овие постапки констатиравме дека истата не им обезбедува јасни и прецизни информации на економските оператори во однос на барањата во техничките спецификации. Имено, не е наведена листа на резервни делови, ниту пак е предвидена гаранција за резервните делови и ракувањето со резервните делови, туку Клиниката предвидува понудувачите во зависност од постапката за секој апарат сами да определат 10 односно 20 најпотребни резервни делови, цени и гарантни рокови. За деловите кои не се на листата избраниот понудувач при секоја конкретна потреба за сервисирање доставува цена за делот. Во отсуство на дефинирана листа на резервни делови, при поднесувањето на понуди секој понудувач доставува листа со цени за различни резервни делови и понудените цени не можат да бидат предмет на компарација и евалуација со што не се обезбедува конкуренција. Поради наведеното постои ризик во листата на понудените делови да не се опфатени најважните делови за секој апарат како и ризик Клиниката да надомести многу повисока цена на деловите што доведува до несоодветно користење на средствата. Наведеното не е во согласност со член 2 и член 33 од Законот за јавни набавки.
- Спроведени се три постапки за јавни набавки со преговарање без претходно објавување на оглас и склучени се договори во износ од 1.447 илјади денари по

[6] 6.557 илјади денари на сметка за средства од сопствени приходи и 2.404 илјади денари за сметка за средства од фондот.
[7] 15.038 илјади денари од сметката за сопствени приходи и 19.703 илјади денари од сметката за средства од фондот.

основ на кои во текот на 2014 година исплатени се 1.060 илјади денари (Прилог број 3). Постапките се започнати со барања за прибирање понуди, но истите се поништени бидејќи по завршувањето на е-аукцијата вредноста на последната понуда го надминува планираниот износ на набавката. По поништување на постапките, не е повторно спроведена иста постапка туку веднаш се преминува на постапка со преговарање без објавување на оглас. Ревизијата не се увери во оправданоста на примената на овој вид постапка за јавна набавка со која е намалена конкуренцијата и овозможено е фаворизирање на одредени економски оператори. Наведеното е спротивно на член 2, член 28 и член 99 од Законот за јавни набавки.

Утврдените состојби имаат влијание на транспаретноста, законитоста, создавањето на услови за еднаква положба на економски оператори и на начинот на користење на средствата.

Препорака

Одговорните лица да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби, извршат едукација на лицата инволвирани во процесот на доделување на јавните набавки и обезбедат услови за еднаква и недискриминирачка положба на економските оператори.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 4.2., 4.3. и 4.4., кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- неправилно извршен попис на средствата, побарувањата и обврските;
- нецелосно воспоставена и неажурна евиденција на потрошокот на залихата на медицински и потрошен материјал;
- несоодветно постапување во доделувањето на договорите за јавни набавки.

5. Ревизорско мислење

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија на ден 31 декември 2014 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Ревизијата смета дека е потребно да се обелоденат одредени состојби поради значајноста и влијанието на истите врз работењето на Клиниката и во наредниот период:

6.1. Клиниката се соочува со одредени потешкотии при реализацијата на процесот на давање на специјалистичко консултативни услуги. Имено, со упарување на бројот на пријавените слободни термини кои директорот според член 39-а од Законот за здравствена заштита има обврска да ги пријави преку електронската листа на закажани прегледи и интервенции согласно расположливата опрема и кадар и извршените услуги во ист месец констатиравме дека бројот на извршени услуги е многу поголем. Ваквата состојба се должи на итните случаи и големиот број издадени приоритетни упати за Клиниката кои мора да се реализираат во рок од седум дена од издавањето, односно бројот на приоритетните упати кои се реализираат во еден ден често е поголем од бројот на закажаните редовни прегледи. **(Графикон 1).** За успешна реализација на сите здравствени услуги одговорните лица во Клиниката се соочуваат со дополнително користење на опремата, проследено со чести расипувања кои генерираат големи трошоци за сервисирање, што во крајна линија влијае и на квалитетот на здравствените услуги. Бројот на упатените пациенти од другите градови не е намален и покрај тоа што преку Министерството за здравство набавена е најсовремена дијагностичка опрема и на секундарно ниво во клиничките центри и болници во другите градови, односно бројот на извршени услуги во последните три години има растечки тренд. Во услови кога поголемиот дел од јавните здравствени установи на секундарно ниво располагаат со најсовремена медицинска опрема каде можат да се извршат снимањата на пациентите, ревизијата смета дека е потребно да се разгледа можноста и да се создадат услови за рационално и ефикасно искористување на опремата.

Графикон 1



6.2. Расходите за набавка на РТГ филмови исплатени од двете сметки на Клиниката[8] во 2014 година изнесуваат 18.584 илјади денари. Имајќи предвид дека современата медицинска опрема со која располага Клиниката овозможува користење на ЦД-а за читање и издавање на резултати, користење на истите за поголем дел од извршените услуги би имало влијание врз намалување на расходите на Клиниката. Министерството за здравство во наредниот период предвидува воведување на дигитализација во здравството со која се предвидува автоматско софтверско поврзување на јавните здравствени установи. За таа цел во Клиниката во текот на 2015 година започната е имплементација на PACS системот со кој ќе се овозможи софтверско поврзување на апаратите на Клиниката, архивирање на снимките и обработка на прегледите поради што се очекува намалување на расходите по овој основ во наредниот период.

7. Останати прашања

7.1. Законот за здравствена заштита ги третира здравствените установи како посебни правни субјекти, при што средствата за работа покрај другите извори ги стекнуваат и од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за здравствени услуги дефинирани со договор според утврдените цени на здравствените услуги или според извршени програми за одделни видови на здравствена заштита.
Согласно одредбите од член 68-а и член 70 од Законот за здравствено осигурување, Фондот како купувач на здравствени услуги склучил договор со Клиниката во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го предвид износот во склучениот договор

[8] 13.527 илјади денари од сметката за средства од фондот и 6.057 илјади денари од сметката за сопствени приходи.

кој претставува ограничување на средствата кои се очекуваат да се добијат од Фондот и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не е обезбедено купување на вкупно извршените здравствени услуги. Во услови кога не е воспоставен сооднос помеѓу нивото на извршени услуги, нивното фактурирање и надоместување на извршените услуги, се доведува во прашање ваквата поставеност на субјектите во овој процес.

Согласно Договорот со Фондот буџетот на Клиниката за 2014 година изнесува 102.000 илјади денари. Во текот на годината, Клиниката има извршено здравствени услуги на товар на Фондот во вкупен износ од 122.478 илјади денари при што повеќе извршените здравствени услуги од 20.478 илјади денари од договорениот износ се евидентирани вонбилансно како побарувања од Фондот но не се очекуваат приливи по истите во наредниот период. Во вонбилансната евиденција на 31.12.2014 година на Клиниката прикажани се 65.453 илјади денари побарувања од Фондот. Дотолку повеќе, доставено е известување од Фондот сите пресметки за извршени услуги започнувајќи од јануари 2015 година да се искажуваат во извештаи и да не се изготвуваат и доставуваат фактури до Фондот што укажува на наметнување на различен сметководствен третман на овие побарувања.

Наведеното има влијание врз финансиската состојба на Клиниката, особено во услови на ненаплатени побарувања (на сметката за сопствени приходи) во износ од 17.082 илјади денари од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите за здравствена заштита како и од ненаплатените побарувања од другите јавни здравствени установи за извршени сервисни услуги од страна на Клиниката во износ од 38.680 илјади денари. Имајќи предвид дека е воспоставена пракса за неутужување за ненаплатените побарувања од другите јавни здравствени установи, неизвесна е наплатата на истите.

Прифатени и коригирани неправилности од страна на Клиниката во текот на ревизијата:

- Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2015 година и изготвен е налог со кој е извршено намалување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба и тоа на позициите Материјални средства и Извори на капитални средства за износ од 24.631 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 година

во 000 денари

Опис на позицијата	2014	2013
Приходи		
Трансфери и донации	102.000	102.000
Вкупно приходи	**102.000**	**102.000**
Расходи		
Тековни расходи		
Плати и надоместоци	47.501	46.346
Стоки и услуги	49.499	47.448
Субвенции и трансфери	0	1.069
Вкупно тековни расходи	**97.000**	**94.863**
Капитални расходи		
Капитални расходи	5.000	7.137
Вкупно капитални расходи	**5.000**	**7.137**
Вкупно расходи	**102.000**	**102.000**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

Опис на позицијата	2014	2013
Актива		
Тековни средства		
Активни временски разграничувања	20.543	37.413
Залихи	13.885	16.259
Вкупно тековни средства	**34.428**	**53.672**
Постојани средства		
Материјални средства	243.080	313.124
Материјални средства во подготовка	170	170
Вкупно постојани средства	**243.250**	**313.294**
Вкупна актива	**277.678**	**366.966**
Пасива		
Тековни обврски		
Краткорочни обврски спрема добавувачи	16.256	33.482
Краткорочни финансиски обврски	256	281
Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените	4.031	3.632
Вкупно тековни обврски	**20.543**	**37.413**
Извори на средства		
Извори на капитални средства	257.135	329.553
Вкупно извори на деловни средства	**257.135**	**329.553**
Вкупна пасива	**277.678**	**366.966**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2014 ГОДИНА

во 000 денари

О П И С	**Државен јавен капитал**	**Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)**	**Вкупно**
Состојба 01.01.2014 година	**313.294**	**16.259**	**329.553**
Зголемување по основ на:	**14.857**	**43.813**	**58.670**
Набавки	14.857	43.813	**58.670**
Намалување по основ на:	**84.901**	**46.187**	**131.088**
Отпис на капитални средства		46.187	**46.187**
Амортизација	84.901		**84.901**
Состојба 31.12.2014 година	**243.250**	**13.885**	**257.135**

ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОЛОГИЈА
Скопје
Tel: ++ 389 2 3 115 069 Fax ++ 389 2 3 124 185; ++389 2 3166 974

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОЛОГИЈА - Скопје
Бр. 03-1028/5
26.08.2015 год.
СКОПЈЕ

До
Државен завод за ревизија
Ул. Македонија 12/3
1000Скопје
До главен државен ревизор
М-р Тања Таневска

Предмет: Доставување забелешки на нацрт извештај од ДЗР

Почитувани,

Во прилог Ви ги доставуваме забелешките на нацрт извештајот од Државниот завод за ревизија, Скопје.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 27.08.2015
Орг. единица: Број: 18 165/8

Со почит,
Датум: 26.08.2015г.

ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија
Скопје
Директор
Проф.Др. Надица Митреска Дипл.Екк. Гоце Велјаноски

Белградска бб, 1000 Скопје
E-mail: institutzaradiologija@gmail.com

ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОЛОГИЈА
Скопје
Tel: ++ 389 2 3 115 069 Fax ++ 389 2 3 124 185; ++389 2 3166 974

До
Држвен завод за ревизија
Ул. Македонија 12/3
1000Скопје
До главен државен ревизор
м-р Тања Таневска
м-р Максим Ацевски, ПГДР

Предмет: ЗАБЕЛЕШКИ НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ОД ДЗР

Почитувани,

Со внимание го прочитавме нацрт извештајот што ни го доставивте до нашата ЈЗУ.

Од извршената ревизија јасно се гледа дека акцентот е ставен на неколку аспекти и тоа: во процесот на јавните набавки и сервисирање на медицинската опрема, усогласувањето на средствата согласно одредбите од Законот за сметководствено, материјално и финансиско работење, како и контрола на утрошокот.

Со цел да влијаеме на мислењето од конечниот извештај по извршената ревизија сакаме да појасниме некои работи во насока на Вашите забелешки, нормално и да постапиме согласно Вашите препораки во целост во наредниот период.

Мораме да напоменеме дека имаме потпишано договор со Фонд за здравствено осигурување на Македонија и дека редовно преку целата година имаме секаков вид на контроли од нивна страна (финансиски контроли, контроли на услуги, редовно доставување на месечни, квартални и годишни извештаи, контроли на јавните набавки и др.) без притоа да имаме посериозни примедби кои би кореспондирале со Вашето мислење (прилог Договор со ФЗОМ за 2014 год.).

Исто така Ви укажуваме дека на нашата клиника немаме доволен број на соодветен кадар за да можеме во целост непречено да функционираме и да ја спроведуваме внатрешната контрола во секој домен од финансиското работење, односно да одговориме во целост на Вашите препораки.

Во контекст на сето ова ќе се осврнеме на неколку наши констатации и тоа:

I. Опрема (4.1.1.)

Клиниката располага со опрема за здравство во износ од 751.303.561,00 ден ревалоризирана набавна вредност.

За ваков вид и обем на опремата потребно е и одржување (сервисирање и поправки) што во 2014 год изнесуваат (конто 4244) 36.079.094,00 ден. На овој износ кога ќе се придодаде дел од конто 198 АВР (обврски за одржување на опремата и поправки) во износ од 4.850.365,00 ден или вкупно трошоци за поправки и одржување во износ од 40.929.459,00 ден. Искажано во проценти според вредноста на опремата, одржувањето на истата изнесува 5,4%. Во европски рамки одржувањата се движат околу 10% од вредноста на опремата.

Процедурите за детектирање, сервисирање и набавка на резервни делови со надзор на медицинската опрема се спроведуваат според воведени ИСО стандарди, кои се имплементирани на клиниката од страна на сертифицирана фирма МКС Макконтрол – Скопје. Сега сме во фаза на сертификација според нивните препораки што не значи дека не сме отворени за прифаќање и на Вашите

препораки, што ќе допринесе до подобрување на квалитетот и транспарентноста во работењето.

Предвидена е гаранција за набавени вградени резервни делови од доверителот, од мин 6 месеци, додека процедурите за пријавување на дефектот, поправање на истиот и исплата кон доверителот, искажани се во следните документи: пријава на дефект, барање за утврдување на дефектот од страна на сервисерот-доверител, за што истиот доставува работен налог за утврдување на дефект, работен налог за извршено сервисирање, испратница и влезна фактура. Фактурите се плаќани согласно законските прописи на одложено плаќање. Дефектите се пријавувани во Осигурителната компанија, со која во моментот е склучен договор за осигурување, за што постојат записници, за кои се очекува надомест на штета.

Поради отсуство на вработено стручно лице на нашата клиника од областа на осигурувањето, побарано е од Јавна установа од областа на здравството за заедничките потреби на клиниките, да изврши осигурување во наше име во текот на 2012 год. што резултираше со неуспешно спроведена и реализирана јавна набавка. Поради тоа бевме принудени повторно оваа набавка самите да ја спроведеме (прилог документи).

II. Процес на јавни набавки (4.1.2.)

Клиниката има Правилник за спроведување на јавните набавки според кој се реализираат истите, согласно ЗЈН. Одлуките се согласно пропишаниот пример за содржина излезен во службен весник. Ја прифаќаме препораката за доекипирање на одделението за јавни набавки, доколку Министерството за здравство и финансии дозволи односно даде согласност за нови вработувања, т.е. вработување на соодветен кадар; како и препораката за воспоставување на модул за следење на реализација на договорите и да се обезбеди електронско следење на реализација на склучените договори.

III. Контрола на информатичката технологија (4.1.3.)

Имплементираниот софтвер за креирање на пресметки, резултати, материјална евиденција, фактурирање, закажување на пациенти е изработен во 2008 година. Софтверот е изработен заради унапредување на начинот на работа на клиниката и законските норми во тој период, бидејќи до тогаш се работеше главно "рачно". Од тогаш започна архивирањето на податоците и можност за нивна обработка. Системот работи 24 часа и за сите овие години немало никаков застој во работењето, негова хаварија или неконтролиран одлив на податоци.

Со текот на годините се менуваа начините на работа во ФЗОМ и Министерство за Здравство и нивните инструкции, при што софтверот овозможуваше барањата за измена и надградби да бидат инплементирани соодветно.

Договорот за одржување со добавувачот ги содржи следните елементи:

- Одржување на постоечки софтвер за негово непрекинато работење
- Одржување на хардвер
- Одржување на веб страница
- Инсталација на софтвер

Добавувачот немаше обврски согласно договорот, но сепак ги работеше и следните услуги:

- Надградба согласно барање ФЗОМ: Промена на начинот на пресметување на партиципација

- Надградба согласно барање ФЗОМ: Целосна промена на пресметката
- Надградба согласно барање ФЗОМ: Изработен софтвер за креирање на фактура и спецификација во .hml формат
- Креирање месечни фајлови (фактура и спецификација) во (.hml) за ФЗОМ
- Надградба согласно барање ФЗОМ: Изработен нов софтвер за креирање на фактура во .hml формат
- Креирање месечен фајл (фактура) во (.hml) за ФЗОМ
- Проверка и отстранување на грешки во пресметките на месечните фајлови (фактури) на http://validator.fzo.org.mk/
- Прикачување на месечни фајлови (фактури) на http://portal.fzo.org.mk/
- Состаноци и обуки во ФЗОМ
- Комуникација со контролори и инспекциски служби од ФЗОМ
- Надградба согласно барање Министерство за здравство: Изработен софтвер за креирање на фајлови за плаќање по учинок
- Креирање на месечни фајлови за плаќање по учинок
- Додавање на слободни денови, дежурства, годишен одмор … поединечно за секој доктор за плаќање по учинок
- Проверка на точноста на податоците внесени во системот за плаќање по учинок
- Надградба согласно барање Министерство за здравство: Испраќање на резултатите во МЗ
- Надградба согласно барање Министерство за здравство: Контролен извештај на пратени резултати во МЗ
- Надградба согласно барање Министерство за здравство: Повлекување на податоци за пациенти од системот на МЗ
- Надградба согласно барање Министерство за здравство: Користење на е-токен од Мој Термин
- Изработка на извештаи за потребите на ФЗОМ и МЗ како и на самата Клиника
- Изработка на статистички податоци за потребите на ФЗОМ и МЗ како и на самата Клиника
- Одржување и монтажа на фискална опрема

Добавувачот ни стои на располагање во тек на 24 часа / 7 дена во неделата и досега проблемите биле отстранувани во најкраток можен рок.

Поради честите промени од ФЗОМ и Министерство за здравство, софтверот е изработен во Microsoft Office Access (програмски јазик Visual Basic) кој што дозволува многу побрзи промени во софтверот. За апликативниот софтвер Microsoft Office Access не се потребни дополнителни финансиски издатоци бидејќи за работење на софтверското решение, потребни се само Runtime компоненти кој што се бесплатни и се симнуваат од официјалната страна на Microsoft.

Базата е креирана и поставена на сопствен сервер и пристапот до неа е ограничен како софтверски така и физички. Серверот се наоѓа во заклучен рак ормар во посебна просторија со ограничен пристап. До серверот може да се пристапи само преку изработеното софтверско решение. Серверот е заштитен од надворешни напади преку рутер со firewall. Пристапот до серверот, рутерот и базата е ограничен само на администраторот. Операторите можат да пристапат само во оној дел во кој се овластени.

Во ревизорскиот извештај стои дека "на дневна основа податоците се праќаат и синхронизираат со "Мој Термин"". Податоците не се синхронизираат на дневна основа туку се праќаат во истиот момент на печатење во "Мој Термин".
По заверката и снимањето на пациентот, докторите го читаат резултатот. Бидејќи поддршката на "Мој Термин" е само до 16.00 часот, а пациенти се примаат 24 часа, кога се случува да падне серверот на "Мој Термин" резултатите неможат да се испратат, нашиот софтвер дополнително во одредени термини ги испраќа неприфатените резултати. Ова е една од причините за некоресподентност на податоците за извршени услуги, генерирани од клиниката и оние од "Мој Термин".

Други причини за несовпаѓање на податоците се поради:
- Клиниката прима и приватни пациенти, како и странци, кои можат да дојдат и со обичен упат (немаат потреба од електронски упат издаден преку "Мој Термин") бидејќи тие ја плаќаат полната цена и не се на товар на ФЗОМ, и тие не се фактурираат на ФЗОМ
- Доаѓаат пациенти со некреирани упати во "Мој Термин" (Испратени од други Здравствени установи од државата, многу често со амбулантски возила, кои ние сме принудени да ги примиме)
- Доаѓаат пациенти со упати од Ургентен центар (сообраќајки, физички напад, повреда на работно место и сл), дури и пациенти со рачно напишан упат за кои ФЗОМ ни даде исто така инструкции да ги прифаќаме.
- Значителен број на пациенти имаат креиран електронски упат од "Мој Термин", меѓутоа со нецелосни податоци во истиот. Кај овие пациенти "Мој Термин" не дозволува да се направи извештај бидејќи јавува грешка. (Пример: фали МКБ10)
- Несовпаѓањата и неможноста на информатичарите од "Мој Термин" комплетно да ја пратат реализацијата од работењето на клиниката се должи и на фактот што преку "Мој Термин" пациентите на клиниката за радиологија се закажуваат согласно дијагностиките (апаратурата), која работи во две или три смени, додека читањето на резултатите, односно реализацијата на прегледите ја прават докторите со свое име и презиме. Докторите не креираат сопствени термини за прегледи кај нив, бидејќи нивното работно време изнесува 6 часа, а голем број од апаратите, како што претходно кажавме, работат во смени.

Во врска со другиот дел дека "Министерството за здравство нема точен податок за извршените услуги и постои ризик во ист термин да се закажат два прегледа" тоа не е можно од наша страна, бидејќи Клиниката за Радиологија не врши закажување на пациенти.

Во програмот "Мој Термин" нема опција за креирање на пресметка, наплата на партиципација, креирање на фактура кон ФЗОМ, поради што ние сме сеуште принудени да го користиме нашиот софтвер преку кој во исто време ги евидентираме и претходно наведените пациенти: приватни, странци, пациенти со рачен упат и пациенти со нецелосни податоци.
Во однос на стратегијата и цената на чинење на услугите од страна на информатичар, клиниката има извршено пресметка која говори: доколку клиниката би имала вработено стручно лице – информатичар, на годишно ниво би ја чинело само на име бруто плата 619.052,00 ден, или месечно бруто 51.587,00 ден, или пак во нето износ

месечно од 34.770,00 ден., што е многу повеќе во однос на износот кој го плаќа клиниката за ангажирање на овој тип на услуга од надвор (добавувач).

IV. Усогласеност со закони и прописи (4.2.)

Во базата на Клиниката се собираат сите податоци точно и прецизно и не постои никаков начин да се изгубат податоци при синхронизација со "Мој Термин". Софтверски се креира документ кој се прикачува на Мој Термин во делот Плаќање по учинок. Потоа вработеното лице на клиниката (референтот за работни односи, човечки ресурси и офицер за заштита на лични податоци) ги внесува сите слободни денови, дежурства, ургентна амбуланта, боледувања, годишен одмор, викенди и друго. Со тоа се обезбедува објективност, точност и се спречува злоупотреба на податоците. Доколку докторите ги внесуваат сами податоците за дневното работење директно во "Мој Термин", самите би биле оштетени бидејќи пациентите кои не се евидентирани во "Мој Термин" (ургентни, болнички-лежечки, приватни, странци и други) не би им биле вкалкулирани во пресметката по учинок, бидејќи тие резултати неможат да се поврзат со упат од "Мој Термин" од причина што воопшто ги нема во системот Мој Термин. Друг проблем е каде би ги пишувале резултатите во тој случај? Исто така со пишувањата на резултатите од дежурство директно во "Мој Термин" би ги оштетиле колегите во групата, бидејќи на дежурство се примаат многу повеќе пациенти отколку во редовено работно време, а договорено е, со знаење на Министерство за здравство работењето во ургентното одделение да носи коефициент 1, без оглед на бројот на пациентите.

Нашиот надворешно ангажиран администратор, кој е пријавен и евидентиран во ФЗОМ и МЗ со негови лични податоци има добиено овластување од страна на директорите на ЈЗУ УК за радиологија за работење и обработка на податоците од пациентите на клиниката, поткрепено и со негова лична изјава за веродостојно работење и чување на тајност на податоци (доставени во тек на ревизијата).

V. Финансиски извештаи (4.3.)

Попис (4.3.1.)

Во делот на пописот истиот е извршен физички, односно количински, од причина што лицата што го вршат пописот се воглавно радиолошки технолози, кои ниту знаат ниту умеат да ја внесат вредноста на средствата што се попишуваат. За истите средства и опрема се води материјално книговодство од каде можат да се видат цените, односно износите. Материјалниот книговодител беше лице волонтер со нерешен статус, кој што е можно да направил ненамерна грешка, меѓу кои и необележување на извесен број набавени средства. Поради тоа сметаме дека неповолниот извештај престрого ја оценува нашата клиника.

Прием, евидентирање и управување со залиха (4.3.2.)

Во однос на евидентирање и движење на потрошениот материјал постојат аномалии, недостатоци, од причина што нема доволно обучен и стручен кадар кој може да се носи со проблематиката. Магацинот го води лице со несоодветна стручна подготовка, односно Вишиот радиолошки технолог, во чиј опис и попис на работни задачи не стои магацинско работење и управување со залихи, но сепак во отсуство на персонал бил принуден да се нафати и за оваа активност (прилог документ). На клиниката за радиологија недостасуваат повеќе од 4 години дипломиран економист, економ- домакин, магационер, хаусмајстор, персонал за информатичко одделение и друг административен персонал. Од неодамна клиниката за радиологија остана и без

дипломиран правник, а за многу брзо време ќе остане и без дипломиран електроинжињер, одговорен за медицинската опрема. Бројот на вработени на клиниката пред повеќе години изнесувал и над 120, во услови на двојно помал обем на работа и апаратура.

Податоците за потрошениот материјал може да се видат и од извештаите за физичкиот обем на работењето, односно основните материјали (филмови, контрасти и др. медицински материјали), т.е број на извршени прегледи и снимања во тековната година, кои изнесуваат околу 100.000 пациенти. Конкретниот потрошок на филмовите може да се види и од самите апарати и принтерите, на кои се вршат снимањата, а кои го оправдуваат потрошениот материјал.

VI. Користење на средствата согласно законските прописи (4.4.)

Планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки (4.4.1.)

1. **Набавка на радиолошки ултразвучен апарат**:

- Спроведена е отворена постапка за набавка на радиолошки ултразвучен апарат, согласно планираната вредност и ЗЈН член 33 и 34, која беше иницирана од стручниот колегиум, а потпишана од главниот радиолошки технолог (член на стручен колегиум), а одобрена од директорите и управниот одбор на клиниката. Ултразвучниот апарат е набавен поради големата потреба од него на клиниката, бидејќи истиот се користи во дијагностицирање на патолошки промени на скоро сите органи кај возрасни, кај деца, неопходен е во кампањата за скрининг на дојките, како и за рано откривање на карцином на дојките, за изведување на биопсија на меки органи и ткива, за едукација на радиолошки технолози, радиолози и субспецијалисти радиолози. Доставено е навремено (во законски рок) барање за измена и дополнување на тендерската документација од страна на економскиот оператор Соникс – Анастасија, Скопје, кое беше прифатено, но не во целост, што е дозволено согласно ЗЈН член 38 став (1), Договорниот орган по свое наоѓање може да ја измени или дополни тендерската документација. Исто така беше доставен приговор со коментари на тендерска документација од страна на економскиот оператор Би-Мек Скопје, поднесено на 26.03.2014г. во 15:40ч., премногу доцна за било какви измени и дополнувања, бидејќи веќе на 27.03.2014г. немаше можност ни системски на ЕСЈН да се промени огласот. Во нашиот одговор беа поканети да ја достават својата понуда за предметната набавка. Подоцна во текот на постапката пристигнаа понуди од страна на 5 понудувачи, од кои два економски оператори ги исполнуваа критериумите од тендерската спецификација. Сите беа известени за квалификуваност или неквалификуваност во текот на понатамошната постапка, и ниту еден од нив не поднесе приговор или жалба до нас или до Државната комисија за жалби. Согласно ЗЈН се пристапи кон понатамошно спроведување на постапката и се закажа е-аукција за двата економски опертори кои беа квалификувани. Согласно извештајот од е-аукција од страна на ЕСЈН, се донесе Извештај од спроведената постапка, предлог за избор на најповолен понудувач, Одлука за избор, Известување за доделување на договор за јавна набавка до сите економски оператори, кои првично поднеле понуда, на кое исто така стои правна поука дека имаат право на жалба во законски рок.

Согласно горенаведеното сметаме дека алудирањето дека техничката спецификација е направена за еден апарат е неточно, бидејќи истата е остварена по принципот на електронско наддавање на повеќе од еден оператор. Набавката ја добил операторот со најниска цена, а можел да ја добие и друг, доколку на електронската аукција ја симнел цената. Нашето мислење е дека процедурата за набавка на радиолошки ултразвучен апарат е спроведена во целост според ЗЈН.

2. **Набавка на апарат за анестезија:**

- Апаратот за анестезија на клиниката за радиологија беше и е потребен заради изведување на интервентни процедури на неуролошкото одделение и одделението за крвни садови, како коилирање на мозочни аневризми, стентирање на крвни садови и други интервенции. Анестезирањето на клаустофобични пациенти и мали деца е неопходно при изведување на прегледи со магнетна резонанца поради потребата од апсолутно мирување. Во изминатиот период клиниката работеше со позајмен анестезиолошки апарат чие враќање на Општата болница од Куманово го пролонгиравме повеќе години. Набавката на овој апарат беше планирана во Планот за јавни набавки на ЈЗУ УК за радиологија, минимум 4 години наназад, но истата не беше реализирана надевајќи се дека ќе го задржиме позајмениот апарат и дека општата болница од Куманово за своите потреби ќе набави нов. Бидејќи на почетокот на минатата година Управата на Општата болница од Куманово инсистираше на негово враќање, ние пристапивме кон реализација на оваа набавка (прилог документи).

Спроведена е отворена постапка за набавка на апарат за анестезија, согласно планираната вредност и ЗЈН член 33 и 34, чија иницијатива беше потпишана од главниот радиолошки технолог, а одобрена од директорите и управниот одбор на клиниката. Беше доставен допис од страна на економскиот оператор Винора Скопје, на кој е испратен одговор и истиот се поканува да достави своја понуда, сметајќи дека техничката спецификација е согласно потребите на клиниката за изведување на гореспоменатите напреднати дијагностички и интервентни процедури. По добиените понуди изготвено е стручно мислење за набавката за секоја понуда посебно. Во понатамошната постапка известени се сите понудувачи за квалификуваност или неквалификуваност на која имаат право на жалба. Бидејќи останува само еден квалификуван понудувач, согласно ЗЈН поканет е за поднесување на конечна цена. По добиениот извештај од системот на ЕСЈН изготвен е Извештај од спроведена постапка, предлог за избор на најповолен понудувач, Одлука за избор и Известување за доделување на договор за јавна набавка до сите економски оператори кои првично поднеле понуда, на кое исто така стои правна поука дека имаат право на жалба во законски рок. Економските оператори Винора Скопје и Евро Тим Скопје подесоа жалба до Државна комисија за жалби. Според ЗЈН до Државната комисија за жалби доставена е комплената документација од целата постапка за набавка во оригинал и копија. По целосно разгледување на документацијата од страна на ДКЖ добиено е Решение со кое двете жалби се одбиваат како неосновани. Сметаме дека доколку имало неправилности од наша страна, постапката би била поништена. Постапката е завршена со склучување на договор, со што сметаме дека процедурата за набавка за апарат за анестезија е спроведена во целост според ЗЈН.

3. **Набавка на адвокатски услуги:**

-Во текот на 2013 и 2014 година беа спроведени постапки за адвокатски услуги со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас. Критериумите се утврдени според потребите на клиниката и досегашното искуство, како и во непосредна соработка и консултации со другите клиники, кои исто така ги објавиле огласите за истиот вид на набавка по истите критериуми како и нашите.

4. **Набавка на сервисирање на апарати:**

-Во постапките за сервисирање на апарати и опрема во техничките спецификации не е наведена листа на резервни делови, туку се бара од понудувачите да ги достават, бидејќи таквата техничка спецификација е историска и наследена од претходно, кога бил еден клинички центар и набавките ги водела комерцијална служба. Истата пракса е продолжена согласно инструкциите од МЗ и по осамостојувањето на клиниките, како и

во другите здравствени установи во државата. Бројот на резервните делови на медицинската опрема може да достигне и над 1.000 парчиња. Во нашата држава, како и во европските држави сервисирањето на медицинската опрема се врши по принципот на овластени сервисери од страна на производителот на опремата. Софистицираната медицинска опрема поседува заштитни шифри и кодови кои спречуваат пристап или нивна поправка од страна на неовластени лица. Поради тоа со децении наназад за сервисирање на медицинска опрема од одреден тип на производител се јавува исклучиво еден овластен сервисер. Веќе оваа година во објавениот тендер од наша страна се ставени листите на резервни делови за секој апарат одделно за кои се претпоставуваше дека може да се расипат, надевајќи се овој пат на конкурентност. Сепак и оваа година за различните типови опрема, се јави само по еден сервисер, со што повторно немаше услови за спроведување на е-аукција и конкуренција за намалување на првично понудените цени.

5. **Набавка на**
   -компјутерски делови и додатна опрема,
   -средства за хигиена, опрема и посебни средства за тоалети
   -одржување и набавка на климатизери:

-Горенаведените набавки се спроведени со прибирање на понуди со објавување на оглас, добиени се понуди, спроведена постапка до завршување на е-аукција, по која постигнатата конечна вредност ја надминува планираната вредност за набавката, доставен е извештај за поништување и преминување во постапка со барање за прибирање на понуди и поканети се истите економски оператори кои првично поднеле понуда согласно ЗЈН член 99 став (3) (Сл. Весник бр. 24/2012) кој важеше до 01 Мај 2014г. во кој период беа спроведени постапките, со што клиниката не го прекршила ЗЈН. Овој член од ЗЈН беше променет и отстранет со измените од истиот Закон кој стапи на сила на 01.Мај 2014г.

VII. Финансиски извештаи и усогласеност со закони и прописи (5.)

Во делот на биланси на приходи и расходи клиниката ги има усогласено согласно Трезорското работење и самите податоци искажани во тие биланси одговараат на состојбите искажани од страна на трезорот. Овие извештаи се темелат согласно Закон за сметководствено работење на буџетски корисници. (прилог спецификација на приходи и расходи од трезорско работење за 2014 год.)

Клиниката за радиологија Скопје во своето работење за 2014 год. ги има постигнато следните реални пресметковни резултати:

- Приходи наплатени по двете сметки и тоа (сметка на средства од Фондот и сметка за сопствени приходи) во вкупен износ од 102.000.000,00 ден + 48.358.389,00 ден = 150.358.389,00 ден. На овие приходи кога ќе се придодадат ненаплатени пресметани приходи од конто 298 во износ од 55.765.092,00 ден плус вонбилансна евиденција приходи однесени на извештај во последните три години во износ од 65.453.159,00 ден. се доаѓа до бројка од вкупен приход по сите основи износ од 271.576.640,00 ден.
- Расходи направени во тековната година односно класа 4 во вкупен износ од 148.039.757,00 ден на овој износ кога ќе се придодаде конто 198 (активни временски разграничувања) трошоци што се пренесуваат во следната година во износ од 46.873.351,00 ден или вкупно износ од 194.913.108,00 ден. Вака прикажаните податоци веродостојни на работењето на ЈЗУ УК за радиологија

Скопје, излегува дека клиниката работи со позитивен финансиски резултат и тоа:
Приходи 271.576.640,00 ден
Расходи 194.913.108,00 ден

Разлика + 76.663.532,00 ден
што во здравството претставува исклучок со своето позитивно работење.
Според погоре изнесеното сметаме дека нацрт извештајот ДЗР престрого го оценува работењето на клиниката.

VIII. Трошоци од работењето

Трошоците направени и пресметани (конто 198) во текот на 2014 год. во однос на пресметаните приходи претставуваат 71,77% што говорат дека клиниката за радиологија Скопје успешно се справува со проблемите кои го пратат здравството, не само кај нас туку и пошироко во регионот, во време кога повеќето здравствени установи генерираат загуби или имаат блокирани сметки.

IX. Општи податоци (1.6.)

Управниот Одбор го сочинуваат 5 (пет) членови, од кои 3 (три) надворешни и 2 (два) од стручните и компетентни лица вработени на клиниката. Работоводниот орган на клиниката се состои од 2 (две) лица, (медицински и организациски директор) чиј статус права и обврски се регулирани со менаџерски договори склучени со министерот за здравство, како и со законот за здравствена заштита. (прилог должност на директор која ја вршат две лица)

Прилози:

- Копија од Договорот со ФЗОМ, за следење и контрола на работата на клиниката за 2014 год.
- Копија од барање до ЈУ од областа на здравството за потребите на клиниките за распишување на тендер за осигурување во наше име
- Копија од опис и попис на работни задачи на гл.рад.технолог
- Копија од документ за враќање на позајмен апарат за анестезија
- Член 99 од ЗЈН
- Копија од спецификација на приходи и расходи од трезорско работење за 2014год.
- Збирен бруто биланс за 2014 год.
- Прилог должност на директор која ја вршат две лица, закон за здравствена заштита член 105
- Пример на невалидни упати

ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РАДИОЛОГИЈА
Скопје
Tel: ++ 389 2 3 115 069 Fax ++ 389 2 3 124 185; ++389 2 3166 974

ЗАКЛУЧОК

Сметаме дека ЈЗУ Универзитетската клиника за радиологија Скопје успешно работеше изминативе години, не генерираше долгови, даваше услуги на пациентите, како од Скопје, така и од цела Р.Македонија, и повеќе од своите можности, се трудеше опремата да биде секогаш во работна функција, и тоа се во услови на огромен недостаток на вработен кадар од сите области (администрација, медицински и сл. кадар), поради што сметаме дека целосната работа на клиниката би требало да биде позитивно оценета.

Со почит,

Датум: 26.08.2015 г.

ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија

Скопје

Директор

Проф.Др. Надица Митреска Дипл.Екк. Гоце Велјаноски

Изготвиле:

- Гл. книговодител Бранко Цветковски
- Гл.РТГ технолог Костадин Трајковски
- Сам. референт за јавни набавки Јасмина Деловска

Белградска бб, 1000 Скопје
E-mail: institutzaradiologija@gmail.com

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 27.08.2015 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија Скопје 18-165/4 од 27.07.2015 година, од раководните лица проф. д-р Надица Митреска, медицински директор и Гоце Велјаноски, организациски директор на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за радиологија Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-165/8 од 27.08.2015 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.1.1** кои се однесуваат на Процесот на сервисирање на медицинската опрема **не се прифаќаат**, поради тоа што дел од забелешките по својата содржина претставуваат дообјаснување на процесот (учеството на трошоците за сервисирање во однос на вредноста на опремата и гарантниот рок предвиден од добавувачот), а за дел од забелешките кои се однесуваат на постоење на Процедура за овој процес во рамки на системот на управување со квалитет ISO 9001:2008 не се доставени дополнителни докази како поткрепувачки документи кои би имале влијание врз промена на изнесените состојби во извештајот на Овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.2** која се однесува на Процесот на јавни набавки по својата содржина претставува **известување** за преземање идни активности по препораките дадени во извештајот на Овластениот државен ревизор.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.1.3** која се однесува на Контрола на информатичката технологија **не се прифаќа**, поради тоа што законскиот застапник нема доставено дополнителни аргументи кои би имале влијание врз промена на изнесените состојби во извештајот на Овластениот државен ревизор. Поголем дел од упатените забелешки по својата содржина претставуваат објаснување на функционирање на софтверот на клиниката, активностите за одржување на истиот како и причините за несовпаѓање на податоците на софтверот со софтверот Мој термин. Констатираните состојби во извештајот се потврдени и од страна на претставници од Министерството за здравство во текот на ревизијата, при што е утврдено дека поголем дел од

наведените активности во забелешката на администраторот за постојано надополнување и усогласување на постоечкиот софтвер на клиниката не би биле потребни доколку се користат услугите на софтверот Мој термин за чие користење не се плаќа надомест. Во однос на забелешката дека клиниката не врши закажување на пациенти истата не се прифаќа, поради фактот што термините за приоритетните упати за клиниката кои треба да се реализираат во рок од седум дена од денот на издавањето, се закажуваат на шалтерот на клиниката.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.2** која се однесува на Усогласеноста со закони и прописи **не се прифаќа**, поради тоа што законскиот застапник не достави дополнителни аргументи кои би имале влијание врз промена на изнесените состојби во извештајот на овластениот државен ревизор. Констатираните состојби во Извештајот се потврдени и од страна на претставници од Министерството за здравство во текот на ревизијата, односно утврдено е дека софтверот Мој термин им дава можност на здравствените работници да ги внесат податоците за сите извршени здравствени услуги, вклучувајќи ги дежурствата, ургентните случаи, болничките/лежечки пациенти како и приватните и странски пациенти, независно од закажаните прегледи преку Мој термин.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.1** која се однесува на Финансиските извештаи во делот на пописот на средствата, обврските и побарувањата по својата содржина претставува објаснување на спроведениот попис во клиниката и причините за констатираните состојби во извештајот на Овластениот државен ревизор.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 4.3.2** која се однесува на Финансиските извештаи во делот на приемот, евидентирањето и управувањето со залихата на медицински и потрошен материјал по својата содржина претставува објаснување за причините за констатираните состојби во извештајот на Овластениот државен ревизор.

7. Забелешките на констатираните состојби во **точката 4.4**. кои се однесуваат на Користење на средствата согласно законските прописи во делот на спроведените постапки за јавни набавки **не се прифаќаат** поради тоа што законскиот застапник не достави дополнителни докази кои би имале влијание врз промена на изнесените состојби во извештајот на овластениот државен ревизор.

   Во забелешките дадени во **точките 1, 2 и 3** е дадено објаснување за текот на спроведените постапки за јавни набавки, а констатациите на ревизијата се однесуваат на направените технички спецификации со кои е намалена

конкуренцијата и овозможено е фаворизирање на одредени економски оператори.

Во забелешката дадена во **точката 4**, дадено е образложение за причините за начинот на спроведување на постапката за сервисирање на апарати како и известување дека во спроведената постапка во 2015 година надминати се одредени слабости кои беа констатирани од страна на ревизијата.

Во забелешката дадена во **точката 5** законскиот застапник се повикува на член 99 од Законот за јавни набавки кој важеше до 01.05.2014 година во период кога е спроведена набавката со преговарање кој укажува дека "Договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас ако во постапката со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас не добие ниту една понуда", а во спроведените постапки со барање за прибирање понуди со објавување на оглас кај клиниката добиени се повеќе понуди, но ниту една не е оценета како прифатлива поради стеснетите технички спецификации.

8. Ревизорското мислење - **точка 5** од Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, на кое е дадена забелешка, е стандарден формат утврден согласно методолошките акти и упатства на Државниот завод за ревизија, истото е резултат на извршената ревизија и зависи од значајноста на констатираните состојби во Извештајот.

9. Забелешката на делот Општи податоци **точка 1.6.** која се однесува на бројот на членови на Управниот одбор **се прифаќа** и истата ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот ревизорски извештај на Овластениот државен ревизор.